**20240871736**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 10 став (20), член 14 став (5), член 16 став (4), член 21 став (3), член 22 став (2), член 23 став (8), член 24 став (3), член 25 став (3), член 30 став (13), член 47 став (12), член 48 став (7), член 49 став (3), член 50 став (4), член 51 став (2), член 52 став (8), член 53 став (4), член 54 став (3), член 95 став (7), член 96 став (5), член 97 став (5), член 98 став (3), член 99 став (6), член 100 став (6), член 101 став (6), член 103 став (13), член 104 став (4), член 106 став (9), член 107 став (2), член 109 став (8), член 110 став (2), член 112 став (5), член 113 став (2) и член 114 став (18) од Законот за акцизите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21, 57/22 и 209/23) министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОДАНОЧУВАЊЕ СО АКЦИЗА НА ЕНЕРГЕНТИ И ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Правилникот за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/24), во членот 31 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„По исклучок од ставот (1) на овој член, енергентите од член 92 став (3) точка 2) од законот, кои се употребуваат како горива за греење и се обележани со средство за обележување со црвена боја (C.I. Solvent Red 19) и енергентите од член 92 став (3) точка 4) од законот кои се употребуваат како керозин за греење и се обележани со зелена боја, може да го содржат индикаторот C.I. Solvent Yellow 124 (N-Ethyl-N-[2-(1-isobutoxyethoxy) ethyl]-4(phenylazo)anilin) во количество не помало од 6,0 mg/l енергент, а не поголемо од 9,0 mg/l енергент, доколку овие енергенти се предвидени да се користат како резерви со подолг временски период за чување.“

Член 2

Енергентите обележани со индикаторот C.I. Solvent Yellow 124 (N-Ethyl-N-[2-(1-isobutoxyethoxy) ethyl]-4(phenylazo)anilin) во количество не помало од 6,0 mg/l енергент, а не поголемо од 9,0 mg/l енергент и средствата за бојосување, затекнати во складовите за чување на резерви, како и на акцизното подрачје, до денот на влегувањето во сила на овој правилник, можат да се користат се до исцрпување на залихите.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 23-2471/1
15 април 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Фатмир Бесими,** с.р.